**Г Р А Д   С К О П Ј Е**

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Град Скопје

ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за меѓународна соработка и соработка и поддршка на здруженија и фондации

ПРЕТСТАВНИК: Секретар на Град Скопје

ПОВЕРЕНИК: Претставник од Сектор за меѓународна соработка и соработка и поддршка на здруженија и фондации

**ПРЕДЛОГ - О Д Л У К А за изменување на Одлуката за примање на донација од УНОПС**

**Скопје, декември 2024 година**

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.05/02 и "Службен весник на Република Северна Македонија" број 202/24) и член 6 став 1 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности ("Службен весник на Република Македонија" бр.47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15), а во врска со член 6 став 3 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22 и 170/24), Советот на Град Скопје на ___________ седница, одржана на _____ 2024 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за изменување на Одлуката**
**за примање на донација од УНОПС**

Член 1

Во Одлуката за примање на донација од УНОПС („Службен гласник на Град Скопје" број 14/24), во член 1 во табеларниот приказ кај автобус број 1, бројот на шасија NMC320LGBLBE00038 се менува со бројот на шасија NMC320LGBLBE00044.
Во табеларниот приказ кај сите автобуси од број 1 до број 6, бојата на каросерија „сина" се менува со „црвена".

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Град Скопје".

**С О В Е Т Н А Г Р А Д С К О П Ј Е**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Трајко Славески**

Број _______
___________ 2024 година
С к о п ј е

**Образложение**

Со член 36 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија " број 5/02 и "Службен весник на Република Северна Македонија" број 202/24), утврдена е надлежноста на Советот на Град Скопје. Согласно член 6, став 1 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности ("Службен весник на Република Македонија" бр.47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15), давател на донација и спонзорство може да биде домашно и странско физичко и правно лице. Согласно член 6 став 3 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22 и 170/24), намената и начинот на користење на донациите се регулираат со договор меѓу донаторот и градоначалникот, за што претходно согласност дава советот на општината.

Град Скопје и УНОПС на ден 06.08.2024 година потпишаа Меморандум за разбирање со кој се согласија заедно да работат на проект кој има за цел подобрување на квалитетот на воздухот. Стратешкиот план на УНОПС 2022-2025, ја зајакнува посветеноста да придонесе со експертиза во проширување на капацитетот за имплементација за поддршка на земјите во развој и на нивните капацитети и бази на ресурси за Целите за одржлив развој, да им помогне на луѓето на кои им е потребна помош преку ефективна експертиза и да им овозможи на партнерите ефикасни проектни услуги.

Од страна на донаторот УНОПС до Град Скопје беше доставено барање за донација каде што е направен превид со гореизнесените измени, односно бројот на шасија за еден автобус не одговара целосно со документацијата добиена при испорака како и бојата.

Согласно гореизнесеното се предлага Советот на Град Скопје да ја донесе предложената Одлука за изменување на Одлуката за примање на донација од УНОПС.